Република Македонија
Министерство за образование и наука

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
СКОПЈЕ 1

| Примено: 15. 1. 2019 | | | |
| --- | --- | --- | --- |
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 08 | 8/2 | 1 | |

Архивски знак. ____________
Рок на чување. ____________
____________ 20 ___ год.
Потпис

Министерство за образование и наука

Сектор за основно образование
Бр. 12-269/1
14-01-2019 год

ул. Св.Кирил и Методиј бр.54
1000 Скопје
Република Македонија

Тел. (02) 3117 896
Факс: (02) 3118 414

Веб страна: www.mon.gov.mk

До:
Биро за развој на образованието

Предмет: Доставување

Почитувани,

Министерството за образование и наука во прилог Ви го доставува Наставниот план за основно музичко и балетско образование потпишан од страна на Министерот за образование и наука , д-р Арбер Адеми и заведен под Наш број 12-269/1 од 09.01.2019 година.

Со почит.

Министер
Dr. Arbër Ademi

Изготвил: Сања Јанчева
Контролирал: м-р Даниела Граовска
Прегледал: Елена Ивановска
Одобрил: Назиктере Сулејмани

12-269/1

0 4 -01- 2019

Врз основа на член 31 од Законот за основно образование(„Службен весник на Република Македонија" бр. 103/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017 и 64/2018 ), министерот за образование и наука утврди

12-269/1

09-01-2019

Биро за развој на образованието

| Примено: 15. 1. 2019 | | | |
| --- | --- | --- | --- |
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 08 | 8/3 | - | |

Врз основа на член 31 од Законот за основно образование(„Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017 и 64/2018 ), министерот за образование и наука утврди

# НАСТАВЕН ПЛАН

ЗА ОСНОВНО МУЗИЧКО И БАЛЕТСКО ОБРАЗОВАНИЕ

**Септември 2018 година**

# ОСНОВНО МУЗИЧКО И БАЛЕТСКО ОБРАЗОВАНИЕ

Целта на организирањето и реализирањето на основното музичко и балетско образование е да се создадат услови за ширење на музичката и балетската култура, како и да се подготват учениците за натамошно образование во овие области од уметноста.

Основното музичко и балетско образование се остварува во училишта за основно музичко или балетско образование, како и во паралелки во училиштата за средно музичко или балетско образование. За ширење на музичкото и балетското образование може да се организираат и издвоени паралелки при редовните основни училишта кои организационо припаѓаат на училиштата за основно музичко или балетско образование. Со посебни договори се регулираат обврските на училиштата во коишто има отворено паралелки за основно музичко и балетско образование.

Основното музичко образование може да биде со траење од девет, шест и три години, во зависност од инструментот што се изучува.

Основното балетско образование трае 6 години.

Согласно времетраењето на основното музичко и балетско образование изготвени се и одделени наставни планови.

Планот и програмите за наставата, нормативите за просторот, опремата и наставните средства, како и нормативите за стручната подготовка и профилот на наставниот кадар за основното музичко и основното балетско образование ги предлага Бирото за развој на образованието, а ги донесува министерот за образование и наука.

Во образовниот и воспитниот процес во овие училишта и паралелки преовладува индивидуалната и групната настава. За основното музичко образование бројот на часовите за учениците изнесува најмногу до 7 часа неделно, а во училиштата за основно балетско образование најмногу до 12 часа неделно.

Во рамките на училиштата освен наставата согласно наставниот план може да се формираат до два училишни хора и до два училишни оркестри. Траењето на часот е 40 минути. Ученикот може да биде ангажиран до 2 часа неделно во наставата по хор, односно оркестар, а на наставниците кои ќе ја изведуваат наставата ќе им се пресметува по 2 часа неделно за хор, односно 2 часа неделно за оркестар.

Во рамките на додатната настава и слободните ученички активности училиштата може да формираат и камерни состави, камерни ансамбли. Ученикот во овие форми на настава учествува доброволно, а ангажирањето на наставникот не се пресметува дополнително, туку влегува во неговото редовно работно ангажирање (во рамките на 40 - часовното неделно работно време).

Условите за запишување и начинот на полагањето на испитите се регулира со статутот на училиштето.

## 1. ОСНОВНО МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ

### 1.1. Деветгодишно основно музичко образование

Основното музичко образование за инструментите: пијано, виолина (виола) и виолончело трае 9 години. Учениците кои ќе ги изучуваат овие инструменти се запишуваат со запишување во I одделение во редовното основно образование. Исто така, основното музичко образование за пијано, виолина и виолончело може да трае и помалку години, доколку учениците се вклучуваат во погорните одделенија, но не покасно од трето одделение. Тие ученици се обврзани да полагаат испит според наставните програми до одделението до коешто се вклучуваат за што им се издава соодветен документ, согласно закон.

Основното музичко образование за учениците коишто се вклучуваат подоцна во основното музичко образование, не смее да биде пократко од шест години.

### 1.1. Наставен план за деветгодишно основно музичко образование

**- Инструменти: пијано, виолина (виола) и виолончело**

| | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| *Задолжителни предмети* | | | | | | | | | |
| Солфеж со елементарна теорија на музиката | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | | | | |
| Инструмент (пијано, виолина (виола) или виолончело) | | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 |
| Солфеж | | | | | | 2 | 2 | 2 | 2 |
| Теорија на музика | | | | | | 1 | 1 | 1 | 1 |
| Вкупно | 2 | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 | 5 | 5 | 5 |

1.За изведување на воспитно-образовната програма по инструментите пијано, виолина, виолончело, часовите траат по 30 минути од I до VI одделение, додека во VII, VIII и IX одделение по 40 минути.

2.Наставата за сите инструменти се организира индивидуално.

3.Часовите по солфеж со елементарна теорија на музиката, солфеж и теорија на музиката траат по 40 минути.

4.Наставата по солфеж со елементарна теорија на музиката, солфеж и теорија на музиката се организира во групи од 8 до 15 ученици, а во недостиг на потребен број на ученици (при намалување на бројката на ученици, наставата се организира комбинирано, со спојување на групи од различни возрасти).

5.Корепетицијата за учениците во деветгодишно основно и музичко образование кои ги изучуваат инструментите виолина и виолончело од II до VI одделение трае 15 мин., а за учениците од VII, VIII и IX одделение по 30 минути еднаш неделно.

6.Ученикот кој завршил V одделение на инструментот виолина може да се определи да продолжи да изучува виола.

## 1.2. Наставен план за шестгодишно основно музичко образование

**Инструменти: класична гитара, кларинет, саксофон, флејта, обоа, труба, хорна, удирачки инструменти, хармоника, традициски инструменти**

Основното музичко образование за инструментите: класична гитара, кларинет, саксофон, флејта, обоа, труба, хорна, удирачки инструменти, хармоника и традициски инструменти трае 6 години.

Учениците кои ќе ги изучуваат овие инструменти се запишуваат со завршување на III одделение во редовното основно образование. Исто така, основното музичко образование за наведените инструменти може да трае и помалку години, доколку учениците се вклучуваат во погорните одделенија, но не покасно од трето одделение. Тие ученици се обврзани да полагаат испит според наставните програми до одделението до коешто се вклучуваат за што им се издава соодветен документ, согласно закон.

Основното музичко образование за учениците коишто се вклучуваат подоцна во основното музичко образование не смее да биде пократко од четири години.

| | I | II | III | IV | V | VI |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Задолжителни предмети* | | | | | | |
| Солфеж со елементарна теорија на музиката | 2 | 2 | 2 | | | |
| Инструмент | | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 |
| Солфеж | | | | 2 | 2 | 2 |
| Теорија на музика | | | | 1 | 1 | 1 |
| Вкупно | 2 | 4 | 4 | 5 | 5 | 5 |

1. За изведување на воспитно-образовната програма по инструментите класична гитара, кларинет, саксофон, флејта, обоа, труба, хорна, удирачки инструменти, хармоника и традициски инструменти часовите траат по 30 минути во II одделение, додека во III, IV, V и VI одделение по 40 минути.

2. Часовите за сите инструменти се организираат индивидуално.

3. Часовите по солфеж со елементарна теорија на музиката, солфеж и теорија на музиката траат по 40 минути.

4. Наставата по солфеж со елементарна теорија на музиката, солфеж и теорија на музиката се организира во групи од 8 до 15 ученици, а во недостиг на потребниот број ученици (при намалување на бројката на ученици), наставата се организира комбинирано, со спојување на групи од различни возрасти.

5. Корепетицијата за учениците во шестгодишното основно музичко образование од II до IV одделение трае 15 мин., а за учениците од V и VI одделение по 30 минути еднаш неделно.

**1.3. Наставен план за тригодишно основно музичко образование**

**- инструменти: контрабас, тромбон и фагот**

Основното музичко образование за инструментите контрабас, тромбон и фагот трае 3 години. Учениците кои ќе ги изучуваат овие инструменти се запишуваат со завршување на VI одделение во редовното основно образование.

| | I | II | III |
|---|---|---|---|
| *Задолжителни предмети* | | | |
| Инструмент | 1 | 2 | 2 |
| Солфеж | 2 | 2 | 2 |
| Теорија на музика | 1 | 1 | 1 |
| **Вкупно** | **4** | **5** | **5** |

1. За изведување на воспитно-образовната програма по инструментите контрабас, тромбон и фагот часовите траат по 40 минути.

2. Часовите за сите инструменти се организираат индивидуално.

3. Часовите по солфеж и теорија на музиката траат по 40 минути.

4. Наставата по солфеж и теорија на музиката се организира во групи од 3 до 15 ученици, а во недостиг на потребниот број ученици (при намалување на бројката на ученици), наставата се организира комбинирано, со спојување на групи од различни возрасти.

5. Корепетицијата за учениците во тригодишното основно музичко образование за инструментите: контрабас, тромбон и фагот трае по 30 минути еднаш неделно.

**1.4. Наставен план за тригодишно основно музичко образование - пеење**

Основното музичко образование за пеење трае 3 години.

Учениците кои ќе изучуваат пеење се запишуваат со завршување на VI одделение во редовното основно образование.

| | I | II | III |
|---|---|---|---|
| *Задолжителни предмети* | | | |
| Пеење | 1 | 2 | 2 |
| Солфеж | 2 | 2 | 2 |
| Теорија на музика | 1 | 1 | 1 |
| Вкупно | 4 | 5 | 5 |

1. Часовите во основното музичко образование траат по 40 минути.

2. Часовите по пеење се организираат индивидуално.

3. Часовите по солфеж и теорија на музиката траат по 40 минути.

4. Наставата по солфеж и теорија на музиката се организира во групи од 3 до 15 ученици, а во недостиг на потребниот број на ученици (при намалување на бројката на ученици), наставата се организира комбинирано, со спојување на групи од различни возрасти.

**2. Основно балетско образование**

Основното балетско образование трае 6 години. Учениците се запишуваат со завршување на III, IV или V одделение во редовното основно образование. Исто така, основното балетско образование може да трае и помалку години, доколку учениците се вклучуваат во погорните одделенија, но, не покасно од трето одделение. Тие ученици се обврзани да полагаат испит според наставните програми до одделението до коешто се вклучуваат за што им се издава соодветен документ, согласно закон.

Основното балетско образование за учениците коишто се вклучуваат покасно во основното балетско образование не смее да биде пократко од четири години.

| | I | II | III | IV | V | VI |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Задолжителни предмети* | | | | | | |
| Класичен балет | 4 | 6 | 8 | 10 | 10 | 10 |
| Гимнастика | 2 | 2 | | | | |
| Модерен балет | | 2 | 2 | 2 | | |
| Историски игри | | | | | 2 | |
| Карактерни игри | | | | | | 2 |
| **Вкупно** | **6** | **10** | **10** | **12** | **12** | **12** |

1.Часовите во основното балетско образование траат 40 минути.

2.Наставата се организира во групи од 15-25 ученици.

Министер

Dr. Arbër Ademi